Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2022), Законот за процена („Сл.Весник на РМ“ бр.115/10, ... 192/2005 и 30/2016), Законот за даноците на имот („Сл.Весник на РМ“ бр.61/04, ... 23/2016 и („Сл.Весник на РСМ“ бр.151/21) и согласно Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Сл.Весник на РМ“ бр.54/12, ... 21/13 и 142/14), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци“ бр.08/05 ......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 25-та седница одржана на ден 05.04.2023година, донесе,

# О Д Л У К А

## за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на зони со утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување вредност на градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште за град Кавадарци и селата во Општина Кавадарци за 2023 година

### Член 1

Во Одлуката за формирање на зони со утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување вредност на градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште за град Кавадарци и селата во Општина Кавадарци за 2023 година бр.08-1313/1 од 28.02.2023 година („Службен гласник на Општина Кавадарци“ бр.28/2023), се врши следната измена и дополнување:

I. Во член 1 во Глава 5 (ПЕТТА ЗОНА), во точка 2 на почетокот на реченицата пред зборот „Западен Булевар“ СЕ ДОДАВА:
„Објекти кои се во опфатот помеѓу улиците“.

II. Во член 1 во Глава 6 (ШЕСТА ЗОНА), после точка 5 во текстот износот „14,5 бода/m$^2$“ СЕ ЗАМЕНУВА со износ од „24 бода/m$^2$ “.

III. Во член 1 во Глава 7 (СЕДМА ЗОНА), после точка 1 се додава нова точка која гласи:
„2. Објекти во село Ваташа кои се наѓаат од спојот ул.„Страшо Пинџур“ и ул.„Ристо Ѓондев“ се до крајот на село Ваташа од двете страни по течението на рекатa Луда Мара“.

IV. Во член 1 во Глава 12 (ДВАНАЕСЕТТА ЗОНА), СЕ БРИШИ износот „5 бода/m$^2$“.

V. Во член 1 во Глава 13 (ТРИНАЕСЕТТА ЗОНА), СЕ БРИШИ износот „5 бода/m$^2$“.

VI. Во член 1 во Глава 14 (ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ЗОНА), СЕ БРИШИ износот „5 бода/m$^2$“.

VII. Во член 1 во Глава 14 (ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ЗОНА), по текстот „Градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште во опфатот на Ски Центар – Кожув“ СЕ ДОДАВА „50 бода/m$^2$“.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-2220/4**
**05.04.2023 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**